Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 и бр.124/10) а во функција на уредување на просторот задолжително се, обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, бр,49/04, бр.86/08 и бр.124/10), се предвидуваат:

Мерки за заштита и спасување:

- урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој урбанистичко-технички мерки се закон.

- Засолнување
- Заштита и спасување од поплави
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средатва
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација,
- Згрижување на загрозеното и настраданото население
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- Прва медицинска помош
- Заштита и спасување на животни и производи од животински потекло
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- Асанација на теренот.

Дел од овие урбанистичко-технички мерки потребно е да се применат во границите на третираниот плански опфат како во рамките на урбанистичкото планирање така и при изработка на основните проекти на градбите предвидени со оваа планска документација.

15.7. Урбанистичко технички мерки

- Засолнување

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, бр,49/04, бр.86/08 и бр.124/10). засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржувавње и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување на и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, бр.49/04, бр.86/08 и 124/10), јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување.

Согласно член 65 од претходно цитираниот Закон определувањето на потребниот број на засолнишни места со Уредба ги уредува Владата а врз основа на намената на градбите и новопроектираната корисна површина.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени градби што ќе ги утврди Дирекцијата.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои Ќе се задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

По дефинирањето на намената и површината на секој објект, согласно одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 53/11), Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. . на

РМ бр. 104/05) и Уредбата за начинот на изградбата, одржувањето и на потребниот број на засолнишни места (Сл. в. на РМ бр. 80/05), Дирекцијата за заштита и спасување ќе може да се произнесе за потребниот број на засолништа, нивниот капацитет и степенот на заштита.

15.8. Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита од поплави заради обилни врнежи е обезбедено со правилно димензионирање на атмосферската и канализациона мрежа, како и со регулација на коритото на р.Вардар.

За заштита од можни загадувања од постоечките водени канали кои поминуваат низ блокот (опфат), потребно е одржување од соодветните служби.

15.9. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлози и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Од изработка на елаборатите се изземаат станбени градби со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Законот за заштита и спасување (С. в. на РМ бр. 36/04, бр. 49/04, бр. 86/08, бр. 124/10, бр. 18/11 и 53/11). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр. 67/04,бр.81/07), и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари (Сл.в. на РМ бр. 98/05 год.), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл.весник на РМ бр. 94/09), и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, планскиот опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од Скопје. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците

предизвикани со пожари. Затоа потребно е планираната сообраќајна инфратруктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, доводната мрежа на вода да е со капацитет кој овозможува напојување на надворешната хидрантска мрежа околу градбите, во согласност со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

Поради надградба на водоводната мрежа предвидени се места на надворешни и внатрешни хидранти и истите да се вметнати во врежните прешенија со кој расплоага ЈП Водовод а не се предмет на обработка на Детален урбанистички план.

Мрежата на Водовод е прекриена со надворешни ПП хидранти. Истите се лоцирани долж трасите на јавните површини до регулациони линии. Внатрешната хидранска мрежа во рамкте на градежните парцели ќе се решава со друго ниво на планови-основни проекти.

Пешачките патеки во внатрешноста на опфатот (блокот) се така концепирани и димензионирани да можат да обезбедат режимски сообраќај до предвидените и постојните градби во случај на пожар. Истите се димензионирани со доволна широчина на пристапот и соодветна конструкција, за да овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожар и спасување на луѓето. Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот. При дефинирањето на градбите во рамките на градежните парцели земено е во предвид потребното минимално растојание меѓу градбите од аспект на префрлање на пожарот од една до друга градба во зависност од предвидената висина на градбите и од противпожарната оптовареност на истите.

За градбите за кои не се однесува оваа одредба ќе се применуваат важечките мерки нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување. Согласно член 76 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04, бр. 49/04 и бр.86/08), Јавното претпријатие што стопанисува со водоводната мрежа во градот Скопје е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во планскиот опфат која е предмет на планската документација.

При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на планскиот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

15.10. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04, бр. 49/04 и бр.86/08) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определенто и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени

места за таа намена. Стандардните оперативни процедура за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

15.11. Заштита и спасување од урнатини

Затитата и спасувањето од урнатини, опфаќа превентивни и оперативни мерки. За овој план важни се превентивните мерки за заштита од уривање, кои се состојат од активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на градбите. Ова подразбира да се градат градби асеизмички, според сеизмичката карта на Република Македонија, да се обезбеди слободен проток на сообраќајниците и да не се создаваат тесни грла на истите, да се обезбеди депонија за складирање на градежниот одпад, при евентуални урнатини. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.в . на РМ бр. 98/05 год.).

15.12. Заштита од техничко - технолошки катастрофи и спасување

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските градби, кои во производниот процес употребуваат метерии или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и матријалните добра. Во планскиот опфат на **Детален урбанистички план ГОЛЕМ РИНГ-ЗАПАД - плански период 2010-2015 – ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**, аналогно на тоа не се превземаат мерки за заштита.

15.13. Хуманитарни мерки

Евакуацијата се состои од планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршување на нејзините надлежности.

15.14. Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфака прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното населние. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи,останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задолжува надвор од своето место на живеење.

На површината на предметниот плански опфат не се предвидени градежни парцели со намена домување, односно не се предвидуваат мерки за згрижување на население.

15.15. Радилошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремно откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на градбите во кои се произведуваат и складираат опасни метерии, сопствениците и корисниците на градбите и уредбите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на градби во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

15.16. Прва помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето – заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок на дејствување на возилата за брза помош за овој планки опфат во реонот на амбуланта Поликлиника Букурешт би изнесувал од 5 до 10 мин.

15.17. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и инситуции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прични средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

15.18. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. во Спроведување наоперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијат со своите диници и тимови.

15.19. Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ке се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.

15.20. Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при реализација на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита и културно наследство (Сл.весник на Р.Македнија бр. 20/04 бр.115/07 и бр.18/11 и 53/11).

(1). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошкото значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во мисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2.Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

(2). По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да превземеме мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

15.21. Услови за движење на инвалидизирани лица

Условите за движење на инвалидизирани лица се пропишани во точка 13, од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10). Според овој Правилник составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на инвалидизирани лица во рамките на планскиот опфат.

- Површините за движење на пешаците (тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки), секаде каде дозволуваат условите мора да се со континуирана нивелета, без скалести денивелации, со подолжен наклон од најмногу 8,33 %;
- Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мора да се совладаат со скали, со урбанистички план задолжително се предвидува алтернативна врска со рампа со пад мак. 8,33 % или 1:12. Овие рампи се димензионираат за двосмерно движње на лица во колички при што нејзината најмала ширина е 1,65 м. а оптимална ширина 1.80 м.
- Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина: за наклон 8,33 % (1:12) мак. должина на рампата е 9,0 м, за наклон 6,66 % (1:15) мак. должина на рампата е 12.0 м. за наклон 5.0 % (1:20) мак. должина на рампата е 15.0 м, а за неопходни поголеми должини на рампата, задолжително се планира одморалиште, со најмала должина е 1.50 м, а оптимална должина е 1.80 м.
- При планирање на елементи на уличната мрежа, задолжително се предвидуваат рампи за секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот:
- Минималната ширина на рампата е 1.00 м, а оптималната ширина е 1.80 м; најголем наклон на рампата е 20 % (1:5), а оптималниот наклон е 8,33 % (1:12).

Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

16.Електро-енергетика и ПТТ инсталации

Со изработка на детален урбанистички план за локалитетот, изработено е идејно решение за потребен број на трафостаница 10/0.4 kV, во форма на локации во границите на локалитетот.

Димензионирањето на електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага се определува спрема следните електроенергетски параметри.

ДОМУВАЊЕ

Потребната едновремена ел.снага за домување се определува:

$$Pe'n = fn' \cdot n \cdot Pe'$$

$$fn' = f' \sim + \frac{1-f'\sim}{n}$$

Pe' - едновремена ел.снага за просечен стан (Pe'=13,5 kW)
Pe'n - вкупна едновремена ел.снага за –n - станови
f'n - коефициент на едновременост за "n - станови
f' ~ - коефициент на едновременост за бесконечен број на станови
(**f~=0.15**)
"n" - број на станови

ЈАВНИ ФУНКЦИИ

Потребната едновремена ел.снага за јавни функции се орпеделува према нивната нето изградена површина и следните електроенергетски параметри:

-угостителство,туризам,детска заштита 0,14 kW/m^2
- трговија,занаети и сл. 0,10 kW/m^2
- образование 0,08 kW/m^2
- административен простор 0,07 kW/m^2
- катни гаражи 0,01 kW/m^2

Према овие критериуми, потребната ангажирана ел.снага за локалитетот изнесува:

I. за домување	3442 kW
II за јавни функции	14875 kW
ВКУПНО:	18.317 kW

Врз основа на деталниот урбанистички план и направените анализи за потребната едновремена ангажирана ел.снага, а во соработка со стручните служби на ЕЛЕКТРО-СКОПЈЕ покрај постојните, предвидени се можни локациии за градба на нови трафостаници 10/0,4 kV, со можност во нив да се предвидат трансформатори од 1000 kVA.

Постојната среднонапонска и нисконапонска ел.мрежа не може да го прифати оптоварувањето од новопредвидените објекти и истата треба делумно да се реконструира.

Точниот број и точната локација на новопредвидените трафостаници во локалитетот Ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и главни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Новопредвидените сообраќајници во локалитетот во поглед на светлотехнички параметри се класифицираат во следните класи:

- класа В-2 споредни, локални
- класа -Д-, - паркинг простори и пеШачки сообраќајници
- класа -А- главни градски

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

“В-2” (С)

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m^2
- средна погонска осветленост Esr= 15-25 Lx
- просечна рамномерност jLm = 40%
- висина на поставување на светилките H= 8-10 m
- светлосен извор VTFE – 250 W
- начин на поставување еднореден

Д

- средна погонска осветленост Esr= 10-30 Lx

- просечна рамномерност jr = 40%
-висина на поставување на светилките H= 8-10 m
-светлосен извор VTFE – 250 W
- начин на поставување двореден

“A-2”
- сјаност на коловозот Lm= 2 - 3 cd/m^2
- просечна рамномерност jLm = 40%
- висина на поставување на светилките H= 10-12 m
- светлосен извор VTFE (NaVt) – 400 W
- начин на поставување двореден

ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изеде према принципот: стан-телефон, а за јавните содржини се определува према нивната големина (површина) функција,број на вработени и сл, а за трговско деловни објекти за секој локал по два телефонски приклучока, или на секои 50 $м^2$ по два телефонски приклучока.

Од ова произлегува дека во локалитетот е потребно да се обезбедат околу 1700 телефонски приклучоци за домување и околу 4012 телефонски приклучоци за јавни функции, односно вкупно околу 6380 телефонски приклучоци кој ќе се приклучат на најблиската автоматска реонска телефонска централа.

17. ВОДОСНАБДУВАЊЕ И КАНАЛИЗАЦИЈА

ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

Со Деталниот урбанистички план за локалитетот Голем ринг Јужен дел-Скопје, во рамките на зафатот со планирана површина $Ф_{пл.}$ = 29.0 ха, предвидени се следните содржини: домуање-колективно, домување со јавни функции, школство, детски градинки, државни институции, администрација, администрација со магацини, здравство, култура, угостителство, трговија, пазар, верски објекти, сервиси и др.

Планираниот број на жители и посетители изнесува Нк = 6100
Максимална висина на објектите (висина на горниот венец) изнесува $H_{мах.}$=21,00 м.

Водоснабдување

Со предвидените **нови содржини на овој локалитет се наметнува потреба од доизградба на постојната секундарна водоводна мрежа како реконструкција на одредени потези.**

Со проекцијата на водоводната мрежа, ќе се опфатат планираните потреби, а едновремено ќе се надополнат и постојните недостатоци.

Изборот на трасите на планираната водоводна мрежа е извршен според планираната состојба, односно распоредот на водокорисниците. (има графички преглед на прилог ситуација - планирана состојба, М = 1:1000).

На одреден дел од постојната водоводна мрежа поради планираните нови содржини, а и поради нормите и техничките прописи се наметнува потреба од реконструкција на одредени потези.

Потребна количина на вода:

Потребните количини на вода ќе се пресметаат по изведени формули за таа намена, а истите количини ќе се обезбедат преку градската водоснабдителна мрежа.

Норма за водоснабдување и коефициентите на дневна и часова нерамномерност, се усвојуваат од Основниот урбанистички план на град Скопје и изнесуваат:

Q_o = 500 л/ж/ден - водоснабдителна норма
a_1 = 1,5 - коефициент на дневна нерамномерност
a_2 = 1,3 - коефициент на часова нерамномерност
Nk = 6100 жители

$$Q_{мах/час} = \frac{Nk \,.\, Ље \,.\, a_1 \,.\, a_2}{24 \,.\, 60 \,.\, 60} = 134 \text{ л/сек.}$$

$Љ_{пож.}$ = 2 x 20 = 40 л/сек.

Оваа потребна количина на вода, до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и планираната дистрибутивна водоводна мрежа која се состои од профили на цевки: DN 300, DN 200, DN 150, DN 100 mm.

За поливање на зелени површини, перење на сообраќајници и сл. Ќе се користи технолошка вода преку посебна хидрантска мрежа, а Ќе се користат изворници на вода за таа намена.

Канализација

Од анализата на псотојната состојба за канализација на предметниот локалитет, констатирано е дека постои сепаратен систем на канализација, т.е. посебни канали за евакуација на фекални отпадни води и посебни канали за прифаќање на атмосферски отпадни води.

Фекална канализација

Како собирни канали за отпадните фекални води од содржините - објектите на предметниот локалитет ќе се служат двата постојни колектори: на северозападниот дел од локалитетот по бул. Св. Климент Охридски се протега фекален колектор Ф 800/1400 мм. и преоѓа во Ф 1300/1950 покрај бул. Партизански одреди, по источниот дел од локалитетот се протега фекален колектор Ф 1200/1800 мм.

За непосредно прифаќање на отпадните фекални води од постојните и новопредвидените објекти се користи постојната секуднарна каналска мрежа и

новопредвидената каналска мрежа за која се предвидени траси на новопредвидените сообраќајници.

Новата канализациона мрежа ќе се состои од канали со профили ≥ 250 мм.

Количината на отпадните фекални води Ќе се пресметува како 80% од употребената вода, зголемена за 25% од инфилтрација на подземни води.

Атмосферска канализација

Како собирни канали за атмосферските отпадни води од предметниот локалитет Ќе служат постојните колектори: по бул.Св.Климент Охридски по северозападната страна на локалитетот се протега колектор Ф 2600/1625 мм, на североисточниот дел од локалитетот по ул. Даме Груев се протега колектор со Ф 1000 мм, по бул. Кочо Рацин се протега колектор со Ф 2000/1270 мм.

За непосредно прифаќање на отпадните атмосферски води од сливните површини на локалитетот се користи постојната каналска мрежа и новопредвидената каналска мрежа на новопредвидените сообраќајници.

Новата каналска мрежа ќе се состои од канали со профили ≥ 300 мм.

Количината на атмосферските отпадни води ќе се пресмета по емпириските формули кои се во функција на намената, големината и видот на припадните сливни површини кои се одводнуваат, а пред се од интензитетот на дождот, односно според рационалниот метод усвоен со ГУП на град Скопје.

$q_{atm.} = F \cdot qi \cdot \Psi_{sr.} = 33{,}00 \cdot 110{,}00 \cdot 0{,}40 = 1452{,}00$ л/сек.

F - 33,00 – припадни сливни површини

qi - 110,00 л/с/ха. – специфичен истек

Ψ_{sr} - 0,4 – просечен коефициент на истекување.

1.Нумерички показатели со билансни показатели

	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА	%
КЛАСИ НА НАМЕНИ	А2-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	6,32	22,1%
	А4-ВРЕМЕНСКО СМЕСТУВАЊЕ	0,05	0,2%
	Б4- ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ	0,38	1,3%
	В1- ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	1,49	5,2%
	В2-ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	0,02	0,1%
	В3- КУЛТУРА	0,40	1,4%
	В4- ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ	2,15	272,2%
	В5- ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	0,87	7,2%
	Д1- ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО	1,53	12,7%
	Д2- ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	1,03	8,5%
	Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	1,34	4,7%
	Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА - ПАРКИНЗИ	0,14	0,5%
	Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е2 - Трафостаници	0,79	2,8%
	СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ, ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО И ПАРТЕРНИ ПОВРШИНИ	12,07	42,2%
	ВКУПНО	28,59	100,0%

- Површина во рамките на планскиот опфат 29.0 ха.

2. Билансни показатели со урбанистички параметри

Планирани вкупни етажни површини за градење по намена на градбите, урбанистички параметри како што се процентот на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, површини на градежните парцели, планираните површини за градење, висините на планираните градби.

Табелите ги прикажуваат урбанистичките параметри на ниво на градежна парцела, на ниво на Блок и на ниво на плански опфат.

	број на градежна парцела	класа на намена	компатибилни класи на намена	мах висина	мах висина	површина на парцела (м2)	П(м2) градба	бруто П (м2) развиена	потребен број на паркинг места	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
Б1	1.1	В4		П+5	Н=21.0м	21548 м2	7040м2	42240 м2	Правилник	32,67%	1,96
	1.2	В4		П+3	Н=15.0м	308 м2	188м2	754 м2		61,10%	2,44
	1.3	В4		П+1		301 м2	113 м2			постојна	
ВКУПНО						21857 м2	7228 м2	42994 м2		33,07%	1,97
	број на градежна парцела	класа на намена	компатибилни класи на намена	мах висина	мах висина	површина на парцела (м2)	П(м2) градба	бруто П (м2) развиена	потребен број на паркинг места	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
Б2	2.1	А2		П+М+4	постојна	1208 м2			Потребниот број на паркинг места ќе се одреди согласно член 59, 60 И 61 од ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ("Службен весник" на Република Македонија" бр. 142/10,64/11,98/11 и 45)	постојна	
	2.2	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+3+Пк	Н=15.0м	275 м2	203 м2	1014 м2		73,76%	3,69
	2.2.а	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+3+Пк	Н=15.0м	192 м2	112 м2	559 м2		58,07%	2,90
	2.2.б	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+3+Пк	Н=15.0м	257 м2	128 м2	640 м2		49,79%	2,49
	2.3	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+5+Пк	Н=19.5м	255 м2	168 м2	1227 м2		65,83%	4,82
	2.3.1	А2		П+4	Н=16.0м	119 м2	88 м2	441 м2		73,92%	3,70
	2.3.2	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+4	Н=16.0м	129 м2	88 м2	442 м2		68,72%	3,44
	2.3.б	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+3+Пк	Н=15.0м	261 м2	110 м2	548 м2		41,98%	2,10
	2.4	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+4+Пк	Н=16.0м	460 м2	313 м2	1880 м2		68,14%	4,09
	2.5	А2		П+12	постојна	573 м2				постојна	
	2.6	А2		П+12	постојна	574 м2				постојна	
	2.7	А2		П+М+6	постојна	820 м2				постојна	
	2.8	А2		П+12	постојна	552 м2				постојна	
	2.9	А2		П+12	постојна	542 м2				постојна	
	2.10	А2		П+М+6	постојна	3288 м2				постојна	
	2.11	Д1				4562 м2					
	2.13	Е2		П	Н=4.0м	36 м2	16 м2	16 м2		43,76%	0,44
ВКУПНО						14104 м2	1225 м2	6767 м2		8,69%	0,48

	број на градежна парцела	класа на намена	компатибилни класи на намена	мах висина	мах висина	површина на парцела (м2)	П(м2) градба	бруто П (м2) развиена	потребен број на паркинг места	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
Б3	3.1	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+4+Пк	Н=16.0м	1438 м2	710 м2	4258 м2	Потребниот број на паркинг места ќе се одреди согласно член 59, 60 И 61 од ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ("Службен весник" на Република Македонија" бр. 142/10,64/11,98/11 и 45)	постојна	
	3.2	А2		П+Пк	постојна	274 м2				постојна	
	3.3	А2	П+М+6+Пк/П+М+3+Пк			2985 м2	1415 м2	11348 м²		постојна	
	3.4	А2		С+П+1	постојна	494 м2				постојна	
	3.5	А2		П+4+Пк	постојна	334 м2				постојна	
	3.6	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+2+Пк	Н=10.20м	375 м2	214 м2	854 м2		56,98%	2,28
	3.7	В5-3.7.1.		П+Г	постојна висина	8721 м2	1499 м2	2999 м2		41,61%	0,99
		В5-3.7.2		П+1	Н=48.0м		377 м2	754 м2			
		В5-3.7.3		П+1	Н=7.0м		353 м2	706 м2			
		В5-3.7.4		П+2	Н=12.0м		1400 м2	4201 м2			
	3.11	Е2		П	Н=4.0м	28 м2	16 м2	16 м2		55,63%	0,56
ВКУПНО						14650 м2	5983 м2	25135 м2		40,84%	1,72

	број на градежна парцела	класа на намена	компатибилни класи на намена	мах висина	мах висина	површина на парцела (м2)	П(м2) градба	бруто П (м2) развиена	потребен број на паркинг места	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
Б4	4.1	А2		П+М+6	постојна	1400 м2			Потребниот број на паркинг места ќе се одреди согласно член 59, 60 И 61 од ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ("Службен весник" на Република Македонија" бр. 142/10,64/11,98/11 и 45)	постојна	
	4.2	А2		П+3		377 м2	161 м2	643 м2		постојна	
	4.3	А2		П+6+Пк	постојна	295 м2				постојна	
	4.4	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+5+Пк	Н=19.5м	347 м2	162 м2	1135 м2		46,77%	3,27
	4.5	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+4+Пк	Н=16.0м	452 м2	190 м2	1139 м2		42,00%	2,52
	4.6	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+3+Пк	Н=13.0м	449 м2	190 м2	948 м2		постојна	
	4.7	А2		П+1+Пк		472 м2	199 м2	598 м2		42,27%	1,27
	4.8	А2		П+3+Пк	постојна	722 м2				постојна	
	4.9	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+4+Пк	Н=16.0м	341 м2	210 м2	1258 м2		61,43%	3,69
	4.10	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+4+Пк	Н=16.0м	393 м2	163 м2	977 м2		41,48%	2,49
	4.11	А2		П+4+Пк	постојна	342 м2				постојна	
	4.12	Е2				815 м2					
ВКУПНО						6404 м2	1274 м2	6698 м2		19,90%	1,05

	број на градежна парцела	класа на намена	компатибилни класи на намена	мах висина	мах висина	површина на парцела (м2)	П(м2) градба	бруто П (м2) развиена	потребен број на паркинг места	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
Б5	5.1	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+6+Пк	Н=21.0м	339 м2	274 м2	2194 м2	Потребниот број на паркинг места ќе се одреди согласно член 59, 60 И 61 од ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ("Службен весник" на Република Македонија" бр. 142/10,64/11,98/11 и 45)	80,88%	6,47
	5.2	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+6+Пк	Н=21.0м	223 м2	124 м2	989 м2		55,31%	4,42
	5.3	А2		П+4+Пк	постојна	355 м2				постојна	
	5.4	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+4+Пк	Н=16.0м	195 м2	167 м2	1004 м2		85,99%	5,16
	5.4.а	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+4+Пк	Н=16.0м	376 м2	165 м2	990 м2		43,89%	2,63
	5.5	А2		П+4+Пк	постојна	686 м2				постојна	
	5.6	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+4+Пк	Н=16.0м	374 м2	174 м2	1046 м2		46,54%	2,79
	5.7	А2		П+5+Пк	постојна	1569 м2				постојна	
	5.8	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+4+Пк	Н=16.0м	326 м2	145 м2	870 м2		44,53%	2,67
	5.9	А2	Б1 и Б4 до 40%		Н=16.0м	259 м2	137 м2	822 м2		52,85%	3,17
	5.10	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+6+Пк	Н=21.0м	289 м2	220 м2	1760 м2		76,24%	6,10
						4991 м2	1407 м2	9675 м2		28,18%	1,94

	број на градежна парцела	класа на намена	компатибилни класи на намена	мах висина	мах висина	површина на парцела (м2)	П(м2) градба	бруто П (м2) развиена	потребен број на паркинг места	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
Б6	6.1	А2		П+6+Пк		753 м2	391 м2	3131 м2	Правилник	51,96%	4,16
	6.2	А2		П+3+Пк	постојна	266 м2			Потребниот број на паркинг места ке се одреди согласно член 59, 60 И 61 од ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ("Службен весник на Република Македонија" бр. 142/10,64/11,98/11 и 45)	постојна	
	6.3	А2		П+4	постојна	565 м2				постојна	
	6.4	А2		П+5	постојна	367 м2				постојна	
	6.5	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+3+Пк	постојна	240 м2	161 м2	804 м2		67,07%	3,35
	6.6	А2		П+М+5+Пк	постојна	270 м2				постојна	
	6.7	А2		П+1+Пк	постојна	124 м2				постојна	
	6.8	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+1+Пк	H=10.2м	283 м2	108 м2	324 м2		38,08%	1,14
	6.9	А2		П+4	постојна	1037 м2				постојна	
ВКУПНО						3907 м2	1232 м2	4258 м2		31,53%	1,09

	број на градежна парцела	класа на намена	компатибилни класи на намена	мах висина	мах висина	површина на парцела (м2)	1231,7	бруто П (м2) развиена	потребен број на паркинг места	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
Б7	7.1	А2		П+12	постојна	551 м2			Потребниот број на паркинг места ке се одреди согласно член 59, 60 И 61 од ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ("Службен весник на Република Македонија" бр. 142/10,64/11,98/11 и 45)	постојна	
	7.2	А2		П+12	постојна	567 м2				постојна	
	7.3	А2		П+12	постојна	551 м2				постојна	
	7.4	А2		П+М+6	постојна	833 м2				постојна	
	7.5	А2		П+12	постојна	552 м2				постојна	
	7.6	А2		П+12	постојна	565 м2				постојна	
	7.7	В3		С+П+2	постојна	473 м2				постојна	
	7.8	А2		П+1+Пк	постојна	292 м2				постојна	
	7.9	А2		П+М+6	постојна	3703 м2				постојна	
	7.10	Д1				1412 м2					
	7.11	А2		П+2+Пк	постојна	421 м2				постојна	
	7.12	А2		П+2	постојна	248 м2				постојна	
	7.13	А2		Су+П+1+Пк	постојна	328 м2				постојна	
	7.14	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+2+Пк	10,2 м	192 м2	1232 м2	4927 м2		642,96%	25,72
ВКУПНО						10685 м2	1232 м2			11,53%	

	број на градежна парцела	класа на намена	компатибилни класи на намена	мах висина	мах висина	површина на парцела (м2)	1231,7	бруто П (м2) развиена	потребен број на паркинг места	процент на изграденост %	коефициент на искористеност
Б8	8.1	А2		П+3+МА	постојна	1801 м2			Потребниот број на паркинг места ке се одреди согласно член 59, 60 И 61 од ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ("Службен весник" на Република Македонија" бр. 142/10,64/11,98/11 и 45)	постојна	
	8.2	А2		П+9	постојна	1087 м2				постојна	
	8.3	В3	А4, Б1,Б2 ,Б4, Д3 до 49%	П+10	Нмах=40.0м	3532 м2	2813 м2	30945 м2		79,65%	8,76
	8.4	А2		П+7	постојна	1710 м2				постојна	
	8.5	А2		П+М+5+Пк	постојна	1506 м2				постојна	
	8.6	Б4		П+2	постојна	266 м2				постојна	
	8.7	А2	Б1 и Б4 до 40%	П+6+Пк	Нмах=25.0м	1463 м2	778 м2	6227 м2		53,19%	4,26
	8.8	Б4		П+1 /П+6 / П+5	постојна	3070 м2				постојна	
	8.9	В1	А3, и Б4 до 20%	П+3	Нмах=25.0м	12444 м2	6191 м2	24766 м2		49,75%	1,99
	8.10	А2		П+3		348 м2				постојна	
	8.11	А2		П+12	постојна	535 м2				постојна	
	8.12	А2		П+12	постојна	567 м2				постојна	
	8.13	А2		П+12	постојна	565 м2				постојна	
	8.14	А2		П+М+6	постојна	1883 м2	1756 м2	12293 м2		93,27%	6,53
	8.15	А2		П+М+6	постојна	3566 м2				постојна	
	8.16	В2	А4, и Б1 до 20%	П+1+Пк	Нмах=10.0м	2302 м2	1257 м2	3772 м2		54,62%	1,64
	8.17	А2		П+12	постојна	445 м2				постојна	
	8.18	А2		П+12	постојна	421 м2				постојна	
	8.19	А2		П+12	постојна	428 м2				постојна	
	8.20	А2		П+М+6	постојна	756 м2				постојна	
	8.21	В1	А3, и Б4 до 20%	П+2	Нмах=10.0м	2543 м2	1964 м2	5891 м2		77,23%	2,32
	8.22	А2		П+М+6	постојна	3272 м2				постојна	
	8.23	А2		П+М+6	постојна	715 м2				постојна	
	8.24	Е2				1030 м2					
	8.25	А2		П+12	постојна	541 м2				постојна	
	8.26	А4		П+М+3+Пк		548 м2				постојна	
	8.28	Б4		П+4+Пк	постојна	445 м2				постојна	
	8.29	В4	Б1,Б2,Б3,Б4 И В3 до 25%	П+8+Пк	H=29.0м	746 м2	410 м2	4099 м2		54,97%	5,50
УПНО						48534 м2	15170 м2	87993 м2		31,26%	1,81

Паркрање: Паркирањето-гаражирањето е предвидено во склоп на градежните парцели. Потребен број паркинг места, е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл.Весник на РМ, бр., 142/10, 64/11, 98/11, 169/11 и 45/12).

4.Попречни профили на сообраќајната инфраструктура

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ

① МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ



Бул. Илинден "В"



Бул. Илинден "Б"



Бул. Св. Климент Охридски "А"



Бул. Св. Климент Охридски "А"



ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"Б" - БУЛЕВАР ВМРО

②СОБИРНИ УЛИЦИ



ДАМЕ ГРУЕВ "А"



ДАМЕ ГРУЕВ "Б"



БУЛ.ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ



ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ



УЛИЦА МАКЕДОНИЈА



МИТО ХАЏИ-ВАСИЛЕВ ЈАСМИН

④СТАНБЕНИ УЛИЦИ



ОРЦЕ НИКОЛОВ



ул. 2-2



ул. 76



ул. 3-3



ул. 1-1



ул. 4-4



ул. 5-5



МАКСИМ ГОРКИ

⑤ПРИСТАПНИ УЛИЦИ И



⑥ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ





ОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА КОРИТО НА Р.ВАРДАР

① МАГИСТРАЛНА УЛИЦА
② СОБИРНА УЛИЦА
③ СЕРВИСНА УЛИЦА
④ СТАНБЕНИ УЛИЦИ
⑤ ПРИСТАПНА УЛИЦА
⑥ ПЕШАЧКА ПАТЕКА

УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

1. Општи услови за изградба

1.1 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

Согласно чл.37 став 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М 78/06, 140/07 и 12/09)во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба.Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со урбанистички проект од чл. 50 став 1 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистички план.

1.2 Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба.
За постојните легални градби кои се снимени во документационата основа, а за кои во урбанистичкиот план не се утвдуваат услови за идна градба, не се исцртува градежна линија, туку информативна црна линија.

1.3 Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (*Службен весник на РМ*, број 142/10,64/11 и 98/11) постојат три вида на градежни линии:
- Градежна линија како ознака за просторната граница за градење дефинирана во член 33 став 1 од овој Правилник.
- Помошна градежна линија како ознака за денивелација, пасажи или друга промена во рамките на површината за градење.
- Подземна градежна линија со која се уредува границата за градење под котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.

1.4 Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.
-Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски издатини.
- Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:
-првиот скалник од влезните партии до 30 см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25 см,
-првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25 м,

-второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,

третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см.

- Низ целата должина на фасадата на површина од 60 % од фасадата може да се зафати со одреден тип на архитектонска пластика.
- Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика.

1.5 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели. Континуитетот на површината за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површни за градење чиишто граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во низа, уличен фронт и слично. По исклучок со согласнст на сопствениците на две или повеќе калкански поврзани парцели е можно предвидување на единствен објект како збир на вповршините на поединечните објекти.

Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со урбанистички проект од член 50 став 1 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистички план.

1.6 Максимална височина на градбите, е добиена согласно параметрите зададени со Правилникот. Нултата плоча во однос на теренот за сите видови градби со намена домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето, е 1,20 м.Најмалата спратна височина со која се пресметува бројот на спратови, мерено од плоча до плоча,за деловна дејност 3,40м,

1.7 Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот опфат:

- кули, покривни бањи,стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обsидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

1.8 Процент на изграденост на земјиштето (P) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.
Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.
Коефициент на искористеност (K) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.
Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот (*Службен весник на РМ*, број 142/10,64/11 и 98/11)

1.9 За определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот план како планска одредба односно услов за градење, служат следниве нормативи:

А –ДОМУВАЊЕ

- За станбени згради кои се лоцирани во централното градско подрачје: 1 паркинг место по стан.

Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1-Мали комерцијални и деловни дејности

- За продавници, дуќани и сл. : на 40 м2 простор за клиенти 1 паркинг место и на 150 м2 од вкупната површина 1 паркинг место за вработените.

Б4-Деловни дејности

- 1 паркинг место на 40 м2 од вкупната површина.
- Кај градбите со шалтер сали : 1 паркинг место на 20 м2 од површината за публика во шалтер салата.

В-ИНСТИТУЦИИ

В1 - Образование и наука

- За предшколско образование 1 паркинг место на 3 вработени плус 20% за посетителите.
- За основно и средно образование 1 паркинг место на 3 вработени плус 10% за посетителите.
- За научните институции 1 паркинг место на 3 вработени плус 10% за посетители.

В3-Култура

- 1 паркинг место на 3 вработени, 1 паркинг место на 30 м2 изложбен простор за музеи и галерии.

- 1 паркинг на 3 вработени и 1 паркинг место на 8 посетители за киносали.
- 1паркинг место на 3 вработени и 1 паркинг место на 4 посетители за театри и други изведувачки уметности.

В4-Државни институции

- 1 Паркинг место за раководител и 1 паркинг место за 3 од останатите вработени плус 10% за посетители

В5 -Верски институции

- 1 паркинг место за 10 посетители на богослужба.
- За другите градби на верските институции 1 паркинг место на 40 м2 од вкупната површина.

Е -ИНФРАСТРУКТУРА

Е2-Инфраструктура-

- Потребниот број паркинг места се утврдува во урбанистички план во зависност од конкретната намена на градбата, условите за градба и специфичните услови на локацијата.

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д1 -Парковско зеленило

- Потребниот број паркинг места се утврдува во урбанистички план во зависност од специфичните потерби и услови на локацијата.

Д2-Заштитно зеленило

- Не се предвидуваат паркинг места за оваа намена.

УЛИЦА ЈОВАН ПАВЕЛ ВТОРИ
УЛИЦА ЈОВАН ПАВЕЛ ВТОРИ
УЛИЦА МАКЕДОНИЈА
УЛИЦА ВЕЛИКА ВОЈВОДА МИЛОШ ОБРЕНОВИЌ
УЛИЦА ВОЈВОДА ПУТНИК
УЛИЦА ВОЈВОДА ПУТНИК
УЛИЦА ВОЈВОДА ПУТНИК

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ

МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ

Бул. Гоце Делчев 50'

СОБИРНИ УЛИЦИ

Бул. ВМРО

Бул. Васил Главинов

Дами Груев 'А'

Дами Груев 'Б'

Дами Груев 'Г'

Дами Груев 'Ѓ'

Кузман Васил Аџиларов

Ул.На Сиромаси

Аџи Ристо Аџиларов

Стив Наумов 'А'

Македонија

Бул. Партизански Одреди

Стив Наумов 'Б'

ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА КОРИТО НА Р.ВАРДАР

СЕРВИСНА УЛИЦА

МАКСИМ ГОРКИ

ОРЕЦ НИКОЛОВ

СЕРВИСНА УЛИЦА

ОРЕЦ НИКОЛОВ

ПЕШАЧКИ УЛИЦИ:

МАКЕДОНИЈА

НИКОЛА ВАЛЌАРОВ

АКУПАСТЕР

ГРИС СТРУГАР

СЕРВИСНА ПОДЗЕМА СООБРАЌАЈНИЦА

ПОДЗЕМНА СООБРАЌАЈНИЦА

ВАРИЈАНТА НА ТРАМВАЈСКА ТРАСА

ТРАСА НА ТРАМВАЈ СОГЛАСНО ГУП НА СКОПЈЕ 2002 ГОД


БУЛЕВАР ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
булевар "Гоце Делчев"
БУЛЕВАР ВМРО
БУЛЕВАР ПАРТ. ИЗЛЕЗНИ ОДРЕДИ
УЛИЦА ДИМИТРИЕ ЧУПОВСКИ
УЛИЦА МАКСИМ ГОРКИ
УЛИЦА МАКЕДОНИЈА
УЛИЦА НИКОЛА ВАЛЌАРОВ
УЛИЦА ПРВ ПАСТЕР
УЛИЦА ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
УЛИЦА СТЕВАН МОКРАНЈАЦ
Р. ВАРДАР
Река Вардар
ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА
ЖЕНА БОРЕЦ ПАРК
ТРЕТИОТ БЕЗБЕДНОСЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ТРЕТИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО СКОПЈЕ
ДОМНА АРМ
ХОТЕЛ "ТУРИСТ"
ЈАВНО ПРЕТПРИЕТИЕ ЗА ПАРКИРАЊЕ
ПОШТА
ПЕШАЧКИ МОСТ
ПОДЗЕМЕН ПЕШАЧКИ ПРЕМИН
ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗО ЈАВНО ПАРКИРАЊЕ-ВИЛА ЗОНА
ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ПОДЗЕМНА СЕРВИСНА УЛИЦА
ПОДЗЕМНА ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗО ЈАВНО ПАРКИРАЊЕ-ВИЛА ЗОН

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ

МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ



СОБИРНИ УЛИЦИ



ВАРИЈАНТА НА ТРАМВАЈСКА ТРАСА

ТРАСА НА ТРАМВАЈ СОГЛАСНО ГУП НА СКОПЈЕ ДО 2012 ГОД

СЕРВИСНА ПОДЗЕМА СООБРАЌАЈНИЦА



ПОДЗЕМНА СООБРАЌАЈНИЦА



ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА КОРИТО НА Р.ВАРДАР



СЕРВИСНА УЛИЦА

БУЛЕВАР ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
МОСТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
БУЛЕВАР ВМРО
БУЛЕВАР ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ
УЛИЦА ДИМИТРИЈЕ ЧУПОВСКИ
УЛИЦА МАКЕДОНИЈА
УЛИЦА МАКСИМ ГОРКИ
УЛИЦА НИКОЛА МАЛЕШЕВ
УЛИЦА ЈУЛ ПАСТЕР
ПЕШАЧКИ МОСТ
ЛЕВАТА ОБАЛА
ТРГОВСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ЖЕНА БОРЕЦ ПАРК
ДОМ НА АРМ
ПОШТА МАКЕДОНИЈА
ПОШТА-1
ХОТЕЛ "ТУРИСТ"
ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИ
ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
ПОДЗЕМНА УЛИЦА "КРАК"
ПОДЗЕМНА СЕРВИСНА УЛИЦА
ПОДЗЕМНА ПЕШАЧКА ПРЕМИН
ПОДЗЕМНА ПЕШАЧКА ПРЕМИН - ЈУЖЕН КРАК
ПОДЗЕМНА ПЕШАЧКА ПРЕМИН - СЕВЕРЕН КРАК
ПОДЗЕМНА ПЕШАЧКА ПРЕМИН - ЗАПАДЕН КРАК
ПОДЗЕМНА ПЕШАЧКА ПРЕМИН - ИСТОЧЕН КРАК
ПОДЗЕМНА ПЕШАЧКА ПРЕМИН - ЈУГОИСТОЧЕН КРАК
ПОДЗЕМНА ПЕШАЧКА ПРЕМИН - ЈУГОЗАПАДЕН КРАК
ПОДЗЕМНА ПЕШАЧКА ПРЕМИН - СЕВЕРОЗАПАДЕН КРАК
ПОДЗЕМНА ПЕШАЧКА ПРЕМИН - СЕВЕРОИСТОЧЕН КРАК
ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИ И ПАРКИРАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА
ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА
ПОДЗЕМНА СЕРВИСНА УЛИЦА
ПОДЗЕМНА ПЕШАЧКА ПРЕМИН
ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИ
ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат;

Предмет на договорот е изработка на **Изменување и дополнување на Детален урбанистички план централно градско подрчаје на град Скопје –МАЛ РИНГ -Општина Центар. плански период 2012-2017**.Планоат е изработен во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање,прочистен текст - Службен весник на РМ бр.51/05, 137/09, 91/10 124/10и 18/11и53/11) Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(Службен весник на РМ бр.63/12 И 126/12) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ бр. 78/06).

2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат

Границата на планскиот опфат на Детален урбанистички план централно градско подржчје на град Скопје –МАЛ РИНГ-Општина Центар е прикажана во графичките прилози и е дефинирана помеѓу:

- На север булеварот ГоцеДелчев
- На исток булевар Војвода Васил Аџиларски
- На југ булеварот Даме Груев
- На исток булеварот Даме Груев и бул. ВМРО

Во граници на урбаниот опфат на Малиот ринг од 54.0 ха. Планска програма

Согласно ГУП на град Скопје 2002-2020год, на просторот предмет на , се предвидуваат следните класи на намени:

А. ДОМУВАЊЕ
А2Семејно домување во згради

Б.КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1- Мали комерцијално деловни единици
Б2-Големи трговски единици
Б3-Големи угостителски единици
Б4-Деловни простори
Б5-Хотелски комплекси
Б6-Простори за собири

В.ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В2-Здраство
В3-Култура
В4-Државни институции
В5-Верски институции

Е. ИНФРАСТРУКУТРА
Е1-Комунална инфраструкутра, јавни паркинзи
Е2-Катни гаражи

Д. ЗЕЛЕНИЛО СПОРТ РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ЦЕНТРИ

Д1-Парковско зеленило

Во решавањето на површинита на градежните парцели во планскиот опфат се превземени габаритите на сообраќајниците од важечкиот ГУП на град СКОПЈЕ 2002-2020 при што е оформена површина од 54.0ха.

При тоа во северниот дел од планскиот опфат, вкрсосување на улица Илинденска со булевар Гоце Делчев и Партизански одреди со булевар ВМРО, означени се посебно маркирани-како Е1-сообраќајни површини, регулциони ширини согласно важечкиот ГУП на град Скопје од 2002 година .Притоа почитувана е сообраќајната студија од Град Скопје изработена од Шпанска фирма Билбао за потребите на ГУП-от на Скопје кој е во фаза на изработка.

Предложеното планско решение е составен дел на предложениот ДУП И создава услови за реализација на планираните градежни парцели кои се составен дел од планираните блокови превземени и респектирани од постојниот ДУП за овој простор.Имено, планскиот документ го интерполира сообраќајниот концепт на примарните сообраќајници на ГУП 2002-2020год . во планскиот документ, ја респектира планската поставеност на блокови од постојниот ДУП и врши измена само во дел од оформените блокови во кои во временскиот период од донесувањето на ДУП до денес не се создале услови за реализација на планираните површини за градба, како и настанати измени во Законската регулатива

Во рамките на блокот означени се и одделните градежни парцели односно површини за градба(превземени од важечкиот ДУП). Обележувањето на површината за градба и градежната парцела е со троцифрена нумерација, при што првите два броја го означува блокот, а третиот број градежната парцелата односно објектот.

Според оваа нумерација се обележани блокови, градежните парцелите и површините за градба во графичките прилози и се изработени услови за градба.

Графичката обработка на планскиот документ создава реална претстава за начинот на планирање во границите на опфатот.Блокови во кои не се интервенира се комплетно превземени од ДУП и воедно графички обработени како истиот.Во блоковите во кои се врши интервенција, со примена на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, графички се презентира измената со воспоставување на површина за градба, класа на намена и максимална кота до горен венец. Овие измени се случуваат во блоковите за кои се приложени биланси показатели:

Тргнувајќи од основните цели и задачи за изготвување на флексибилен план,план со интензивирање на користење на просторот и со усвојување на веќе создадената урбана матрица во просторниот концепт се предвидува поставување на површини за градба.

Заради флексивилност во реализација на планот намените од комерцијална намена и јавни функции планираните компатибилни намени се во согласност со процентуалната застапеност на истите според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник бр 142.10, 64/11,98/11, 169/11 и 45/12).

Од десниот брег на реката Вардар:

Во предметната планска документација се активни сите градежни парцели од важечкиоти усвоен Детален план за мал ринг и како интервал од Усовениот ДУП за мал рин од 1998 година.

Со просторниот концепт воглавно се задржува постојната сообраќајна мрежа, а се вршат корекции во ширината на сообраќајниците заради почитување на важечката законска регулатива за безбедност на сообраќајот.

Максималната висина на објектите се дадени како максимално можни во зависност од просторните можности, а тоа се:

- ширината на урбанистичкиот профил на сообраќајниците, односно растојанието од градежна до градежна линија;
- ширината на внатрешното дворište;
- процентот на изграденост;
- коефициентот на искористеност;
- можноста за решавање на паркирање во рамките на сопствената парцела.

Градежните површини се дадени во однос на улиците со регулациони и градежни линии, а во внатрешноста со помошни градежни линии.

Растојанијата помеѓу градежните површини како према улица, така и према внатрешните дворишта во однос на висините на објектите се многу битни за овозможување на современи,хигиенски површини, што подразбира природно осветлување и во приземјето,минимално осончување,како и ветрење на просториите.

Покрај регулационите, градежните линии и максималните висини на објектите главен услов е и решавањето на потребното паркирање на секој планиран објект во својата парцела, а тоа подразбира решавање на влез во парцелата на ниво на приземје.

Со окрупнувањето на парцелите се добиваат поголеми можности за реализација на планираната градба, што произлегува од решавање на помалку влезови на ниво на приземје, порационално решавање на паркирањето во рамките на задното дворište на објектот и паркирањето во подземните нивои (оформување на подземни паркиралишта во рамките на утврдената парцела).

Обезбедувањето на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

В5 - Верски институции

- 1 паркинг место за 10 посетители на богослужба.
- За другите градби на верските институции 1 паркинг место на 40 м^2 од вкупната површина

В3-Култура

-1 паркинг место на 5 вработени

В4-Државни институции

-1 паркинг место за раководител и 1 паркинг место за 3 од останатите вработени плус10% посетители

Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1 Мали комерцијални и деловни дејности

- 1 паркинг место на секои 60 м^2 од вкупната изградена површина.

Б2 Големи трговски единици

- 1 паркинг место на секои 70 м^2 од вкупната изградена површина.

Б3 Големи угостителски единици

- 1 паркинг место на секои 20 м^2 од од вкупната изградена површина.

Б4 Деловни дејности

- 1 паркинг место на секои 60 м^2 од вкупната изградена површина.

Б5 Хотелски комплекси

- 1 паркинг место на 6 легла,

Б6 Простори за собири

- 1 паркинг место на 20 гледачи,

3. **Културно наследство**

Во рамките на опфатот постојат целини и објекти кои се третираат со посебен режим на заштита и за кои се изготвени

Заштитно конзерваторски основи за културно наследство со **Решение бр.17-1103 од 28-11-2011год** се во целост вградени во графичките прилозиод Планската документација.За објектите кои во овие основи се третирани со посебен режим на заштита, при планирање идни градежни интервенции постои обврска понудената проектна документација да ја достават на мислење до Управата за заштита на културно наследство.

Евидентирани се објекти од прв и втор степен на заштита. Нумерирани се објектите во блоковите кој што се активни односно кој во кој што има градежни интервенции.

6.4. Режим на заштита

За поединечните добра (споменици) во категоријата - културно наследство од големо значење: **Даут Пашин амам (КП 9504, 7.8), Камен мост, Зграда на улица "8-ма Ударна бригада" бр. 22 ("шкаперда") (КП 11889, 5.4.1) и Феудална кула (КП 12063, 3.3.7), се утврдува** режим на заштита од прв степен, **кој подразбира: Зачувување на постојната состојба, минимални интервенции, сведени на одржување или ситни поправки на објектот, како и конзервација на архитектонски детали.**

За поединечните добра (споменици) во категоријата - значајно културно наследство: **КуЌа на Икономови, улица "Македонија" бр. 51 (КП 12013, 2.2.2); КуЌа на Настеви, улица "Македонија" бр. 49 (КП 12012, 2.2.3); КуЌа на Тодорови, улица "Никола Вапцаров" бр. 3 (КП 12015, 2.2.12; Зграда на поранешно Кино "Манаки", улица "Луј Пастер" бр. 5 (КП 13490, 3.2.2); Зграда на Кино "Култура", улица "Луј Пастер" бр. 7 (КП 13488, 3.2.3); Станбено-деловен објект, улица "Луј Пастер" бр. 11 (КП 13493, 4.2.1); Станбено-деловен објект, улица "Димитрија Чуповски" бр. 19 (КП 12030, 4.5.1); Станбено-деловен објект, улица "8-ма Ударна бригада" бр. 24 (КП 11890, 5.4.2); Семејна куЌа на семејствата Петковски, СимиЌ и Христови, улица "Максим Горки" бр. 19 (КП 11872, 5.5.2); Семејна зграда на браЌата Бојаџиеви, улица "Максим Горки" бр.**

17 (КП 11863, 5.5.3); Станбен објект, улица "8-ма Ударна бригада" бр. 20 (КП 11865, 5.5.4); Станбен објект, улица "8-ма Ударна бригада" бр. 20а (КП 11866, 5.5.5); Станбен објект, улица "8-ма Ударна бригада" бр. 20б (КП 11868, 5.5.6); Индивидуален станбен објект, улица "27-ми Март" бр. 9 (КП 11846, 5.9.4); Палата "Армагањан", улица "27-ми Март" бр. 7 (КП 11847, 5.9.5); "Арапска куќа" (Хотел "Јадран", поранешна Семејна куќа на Агоп Дикиџијан), улица "27-ми Март" бр. 8 (КП 11988, 5.10.8), се утврдува режим на заштита од втор степен, кој подразбира: зачувување на постојната состојба и можност за адаптација на ентериерот, работи на ревитализација.

Во подрачјето на опфат на овие Заштитно-конзерваторски основи определени се границите на вкупно 6 контактни зони во кои има по едно или повеќе заштитени добра. За нив се применува режим на заштита од трет степен кој подразбира можност за изградба на нови објекти на празните локации, според дефинирани услови.

Границите и режимот на Контактната зона "Мост" на Споменичката целина "Стара скопска чаршија" се определени претходно, со Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.

7. Спроведување на основите

7.1. Насоки за вградување на текстуалниот приказ од Заштитно-конзерваторските основи

Во планските документи треба интегрално да се користат податоците содржани во текстуалниот приказ на Заштитно-конзерваторските основи, особено во поглед на границите на Спомениците и нивните Контактни зони, категоризацијата, режимот на заштита и параметрите за заштита на културното наследство.

Врз основа на наведените податоци во текстуалниот приказ од Заштитно-конзерваторските основи истите доследно се вградени во Деталниот урбанистички план како општи и посебни услови за градба.

Градежна парцела 5.9.7

15. Споменик - Палата "Армагањан", улица "27-ми Март" бр. 7 во Скопје

Да се почитуваат претходноиздадените конзерваторки Мислења за градежната парцела. При реализација на истата да се побара Мислење од НУ Конзерваторски центар Скопје и УЗКН.

7.2. Насоки за вградување на графичките прикази од Заштитно-конзерваторските основи

Во планските документи интегрално се користат податоци дадени во графичките прикази што се дел од Заштитно-конзерваторските основи и се третираат како документациска основа за соодветен третман на културното наследство.

7.3. Параметри за заштита на културното наследство

При планирањето на просторот кој е опфатен со предметнит ДУП, параметрите за заштита на културното наследство се однесуваат на доследна примена на утврдениот режим на заштита за Спомениците и нивните контактни зони, како и на утврдување на насоки за планирање на просторот во контактните зони.

- Примена на утврдениот режим на заштита

Во таа смисла, доследната примена на режимот на заштита од прв степен значи забрана за било какви дејства што можат да го нарушат интегритетот на спомениците.

Доследната примена на режимот од втор степен подразбира: задржување во границите на постојната парцелација; почитување на надворешниот изглед на објектите, зачувување на постојниот габарит и височина; забрана за изградба или доградба на нови објекти во границите на спомениците; задржување на констатираните специфични архитектонски елементи, детали, орнаментација и сл.; можност за сите видови на пренамена и адаптација на внатрешниот простор, без конструктивно нарушување на логичноста на материјалите и автентичната конструкција.

Доследната примена на режимот на заштита за контактните зони подразбира: изградените објекти во контактните зони се задржуваат во постојната сотојба во однос на габаритот и висината; новите објекти што би се граделе на празните локации треба да имаат габарит и висина кој нема да ги загрозува спомениците.

4. Единици на градежно земјиште

Планскиот опфатот е дефиниран со блокови како посложена единица на градежното земјиште која се состои од повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба. Границата на блокот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии и граници на градежни парцели.

Во рамките на блоковите, нумерирени се градежни парцели со арапски цифри.

5. Класа на намена

А.ДОМУВАЊЕ
- А2Семејно домување во згради

Б.КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- Б1- Мали комерцијално деловни единици
- Б2-Големи трговски единици
- Б3-Големи угостителски единици
- Б4-Деловни простори
- Б5-Хотелски комплекси
- Б6-Простори за собири

В.ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- В2-Здраство
- В3-Култура
- В4-Државни институции
- В5-Верски институции

Е. ИНФРАСТРУКУТРА

Е1-Комунална инфраструкутра
Е2-Катни гаражи

Д. ЗЕЛЕНИЛО СПОРТ РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ЦЕНТРИ

Д1-Парковско зеленило

Класите на намени се дадени со кратенки впишани на самата градежна парцела во графичкиот прилог и во табелите со урбанистички показатели за секоја парцела поединечно

6. Јавни институции

Во рамките на планирањето во планскиот опфат посебен акцент е ставен на планираните површини за градба со класа на намена јавни институции поставени периметрално на кејот на реката Вардар.

7. Комерцијални и деловни намени

Во рамките на планирањето во планскиот опфат третирани се и објекти со класа на намена Б–комерцијални и деловни намени.

8. Сообраќајно решение

Потребите за промени во денешниот динамички развој и реконструкциите што се превземаат, особено во старите структури на градот,диктираат при изработка на планските документи,покрај другите урбанистички аспекти,паралелно да се решаваат и сообраќајните проблеми. со правилно димензионирање на просторите наменети за сообраќај, во зависност од намената и содржината на градежните блокови.При тоа големината на сообраќајот што ја продуцираат изградените објекти треба да е соодветна на изградените сообраќајни површини за динамичкиот и стационарен сообраќај за сите намени.Тоа значи дека треба да се воспостави **х**армонија помеѓу содржината на блоковите и просторите наменети за разни видови сообраќај во границите на зафатот, иако за нив се определи соодветен контакт со околната сообраќајна мрежа.

Локалитетот Мал ринг кој територијално и припаѓа на Општината Центар во Скопје според ГУП на Град Скопје од 2002 година е ограничен и раздвоен со повеќе видови сообраќајници од основната (примарна) мрежа на Градот и тоа:

- Од западната и северна страна е ограничен со магистралните сообраќајници булевар ГоцеДелчев планирани со различна широчина прикажани во графичките прилози
- Од источна страна се собирната сообраќајница улица Војвода Васил Аџиларски Даме Груев, булевар ВМРО.

На север од планскиот опфат на предметниот ДУП, зоните на крстосниците помеѓу бул. „Партизански одреди“ и бул. „Маркс и Енгелс“, односно бул. „Илинден“ и бул. „Гоце Делчев“, како и пристапот кон подземната сообраќајница и варијантните решенија на истата, во планската документација се третирани исклучиво на ниво на регулациони ширини, кои го дефинираат просторниот капацитет за нивно оформување и реализација. Истите, во графичките прилози се означени како „Е1 - зони на сообраќајни површини“. Дефинирањето на типот на крстосниците и нивното соодветно геометриско

обликување ќе се изврши со документација на ниво на сообраќаен односно инфраструктурен проект.

Профили на улици

Булевар Гоце Делчев е магистрална улица со вкупен профил од 50.0м (средишно зеленило5.0м, 2х10.50 м. коловоз, со 2х5.0мзеленило, 2х2,5м велосипедски патеки и тротоари од двете страни и 2х4.0м

Булевар Даме Груев е собирна улица со профили дадени согласно ГУП-Скопје 2002 **А**- со вкупен профил 34.0м, **Б**,- со вкупен профил 17.0м, **В**- со вкупен профил 28.0м, Г- со вкупен профил 36.0м.

Булевар Васил Главинив е собирна улица со вкупен профил од 34.0м (средишно зеленило 2.0м, 2х10.50 м.коловоз со 2х2.0мзеленило и тротоари од двете страни и 2х3.5м

Улица Димитрија Чуповски е собирна улица со вкупен профил од 24.0 м (12.0 м. коловоз со 2х2.5 м. зеленило и од двете страни и 2х3.5м тотоари.

Улица Војвода Васил Аџиларски е собирна улица со вкупен профил 24.0 м. (12.0 м. коловоз со 2х6,0 м. тротоари од двете страни).

Улица 11 Октомври е собирна улица со вкупен профил 30.0м. (18.0 м. коловоз со 2х6,0 м. тротоари од двете страни).

Улица Стив Наумов А е собирна улица со вкупен профил 36.0м. (14.0 м. коловоз,2х2,5м велосипедски патеки, со 2х4.5 мзеленилои2х4,0 м. тротоари од двете страни).

Улица Стив Наумов Б есобирна улица со вкупен профил 15.0м. (7.0 м. коловоз со 2х4,0 м. тротоари од двете страни).

Улица Македонија е собирна улица со вкупен профил 20.0м. (12.0 м. коловоз со 2х4,0 м. тротоари од двете страни).

Булевар Партизански одреди е собирна улица со вкупен профил од 50.0м (средишно зеленило5.0м, 2х10.50 м. коловоз, со 2х5.0мзеленило, 2х2,5м велосипедски патеки и тротоари од двете страни и 2х4.0м

Од зоната на вкрстувањето на бул. „Илинден“ со бул. „Гоце Делчев“, во насоката „исток“, долж десниот брег на р. Вардар, предвидена е сервисна сообраќајница која понира под нивото на теренот во вид на подземен сообраќаен коридор. Истиот во насоката „исток“ продолжува надвор од планскиот опфат. Прецизните просторни диспозиции и геометријата на пристапно-излезните колски рампи треба да се утврдат со историодните плански документи за соседните плански опфати.

Новопланирана подземна сервисна сообраќајница на левиот брег на р. Вардар, се обезбедува пристап и ги опслужува објектите од блоковите 7.3, 7.4 ,7.5, 7.6 7.7 и новите градби преку подземниот паркинг. Истата е со вкупен профил од 10.0 м(7.0м коловоз и 2 х 1.5м) е со влез од булевар Гоце Делчев. Пристап до Г.П. 1.4.1 како и до Г.П. 1.3.5 е со сервисна надземна улица покрај плочникот и покрај зеленилото на ГТЦ со ширина од 5.5м.

Пристапите за подземните паркинзи бројот на подземните нивои и катни гаражи ќе се определи согласно изработена проектно-техничка документација.

Како планска одредба што се однесува на шинскиот систем е дека е планирана варијантна површинска диспозиција на трасатата на шинскиот систем за јавен масовен превоз на патници во рамките на планскиот опфат.

Во планот се овозможени со планскиот третман на коловозните ширини на улицаДимитрие Чуповски и улица 11-ти Октомври, дел од колскиот пристап за

објектот Градски трговски цента во рамките на површините кои во графичките прилози засебно се обработени.

Градежна парцела.1.5.1.3 е планиран подземен паркинг со подземни нивои, со намена Е2- комунална супраструкутра, под површината на плоштадот Македонија. Пристапот ќе се обезбеди од југозападната страна преку пристапна влезно -излезна рампа и ќе биде решен со проект за инфраструкутра.

Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на градежната парцелата односно градбата, согласно ченови 59, 60 и 61 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник бр 63/12 и 126/12)*

Во централното градско јадро, доколку објектот не ги задоволи условите за паркирање во рамки на својата градежна парцела се дозволува паркирањето да се реши во една од катните гаражи кои го опслужуваат и се опфатот на ДУП-от.

Потребен број паркинг места, е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба согласно член 59, 60 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл.Весник на РМ 142/10).

Се планира во делот околу градежните парцели 7.2.1, 7.9 ,7.10, 7.11, 7.13, 7.14, да се обезбедиат противпожарни коридори за интервентни возила.

Во предметниот плански опфат е поставена комплетна мрежа на сообраќајници чии комплетни попречни профили и карактер - ранг на сообраќајницата се дадени во грарфичкиот прилог.

Оваа сообраќајна мрежа преку собирните улици е поврзана со примарната мрежа преку која се врши дистрибуција на сообраќајот од овој локалитет.

Во однос на стационарниот сообраќај треба да се напомене дека истиот е решен со користење на јавни паркинзи во делот на локалитетот каде е тоа овозможено односно користење на сопствен паркинг за и паркирање во рамките на парцелите и предвидените катни гаражи.

Вкупниот број на паркинзи во делот на јавни паркинг површини дадени се по секоја паркинг површина пооделно при што овој број на паркинзи е предвидено да ги задоволи комплетно потребите за паркирање.

Обезбедување простор за паркирање и гаражирање на овој локалитет се предвидува:

- обезбедување во сопствена парцела а во зависност од потреби кај колективни објекти во заеднички паркинзи на ниво на терен или градени гаражи подземно и на ниво.
- Обезбедување на паркинг простор во рамките на планираните подземни и надземни паркинг простори.
- Се предвидува замена на постојниот паркинг пред МОБ- со подземен паркинг во две нивоа, кој што се планисра на местот на сегашниот подземен паркинг.

Во однос на планирана сообраќајна мрежа на сите примарни сообраќајници и собирни улици предвидени се соодветни велосипедски патеки по кој би се одвивал велосипедскиот сообраќај додека на секундарната мрежа не е планирана изградба на велосипедски патеки.

Според карактер на сообраќајната мрежа се предвидува одвивање на секаков вид моторен сообраќај како и движење на товарни возила со вкупна

носивост не поголема од 5,5 т. за дотур на прехранбени производи и друга намена како и движење на комуналните возила.

Во однос на јавниот градски превоз истиот е застапен со повеќе градски линии.

Комплетна сообраќајна мрежа на сообраќајници е изведена согласно прописите од сообраќај (попречни профили на коловоз и т.н.) а целокупната регулација на сообраќај е изведена со соодветна сообраќајна сигтнализација како вертикална така и хоризонталана сигнализација.

Радиуси на уличната мрежа во делот на вкрстување исто така се стандардни а вкрстување на примарните сообраќајна мрежа на главни раскрсници се одвива со светлосна сообраќајна сигнализација семафори.

Треба да се напомене дека со планскиот документ просторот го третира како пешачка зона обиколена со сообраќајници од примарен ранг.Целокупното моторно движење треба да се случува во подземјето со реализација на подземните сообраќајници планирани со ГУП.Надземниот моторен сообраќајвоглавно ќе се воспостави со режим на опслужување.

Нивелманско решение

Со изработка деталниот урбанистички план, пристапено кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивеламанското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. Подолжните падови се движат во границите на дозволените.

9. Мерки за заштита

Планскиот опфат што го третира планот е на површина од **54.0** ха.,за предметниот плански опфат, каде се предвидуваат следните класи на намени:

Б.КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

В.ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В3-Култура
В4-Државни институции
В5-Верски институции

Д. ЗЕЛЕНИЛО СПОРТ РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ЦЕНТРИ
Д1-Парковско зеленило

Е. ИНФРАСТРУКУТРА
Е1-Комунална инфраструкутра
Е2- Катни гаражи

9.1. Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува планскиот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животна средина (Сл. в. на РМ бр. 53/05, бр. 81/05, бр. 24/07, бр 159/08, бр. 83/09, бр. 48/10, бр. 124/10);

- Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10);
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. в. на РМ бр. 67/04 и 92/07, 35/10);
- Закон за води (Сл. в. на РМ бр. 04/98, 19/00, 42/05 и 46/06);
- Уредба за класификација на водите (Сл. в. на РМ бр. 18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл. в. на РМ бр. 18/99);
- Закон за управување со отпадот (Сл. в. на РМ бр. 68/04, бр. 107/07, бр. 102/08, бр. 143/08, бр. 124/10);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. в. на РМ бр. 79/07, бр, 124/10);
- Закон за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/04, бр. 49/04, бр. 86/08, бр. 124/10, бр. 18/11 и 53/11);
- Закон за земјоделско земјиште (Сл. в. на РМ бр. 135/07, бр.18/11 и 53/11);
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр. 142/10);
- Закон за градење (Сл. вес. на РМ бр. 130.09, бр. 124/10, бр. 18/10);
- Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл. весник на РМ, бр. 69/99, 102/00, 2/02, 5/04, 78/08) и
  други законски и подзаконски акти.

Право и должност е на Република Македонија, Општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Законот за животна средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, бр. 81/05, бр. 24/07, бр. 159/08, бр. 83/09, бр. 48/10, бр. 124/10).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- Заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луето.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки и активности** (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

9.2. Оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина

Согласно Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, бр. 83/09, бр. 48/10, бр. 124/10) и Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утрдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина (Сл. вес. на РМ бр. 74/05), треба да се утврди потреба за спроведување на **постапката за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.**

Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од оваа Уредба, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

Министерството за животна средина и просторно планирање, не треба да донесе Мислење за спроведување на постапка за Оцена на влијанието врз животната средина, за **Изменување и дополнување на Детален урбанистички план централно градско подрчаје на град Скопје –МАЛ РИНГ -Општина Центар плански период 2012-2017,**поради намената за конкретниот плански опфат и поради постоење на важечка планска докумнетација.

- Природни реткости

Врз основа на одредени критериуми и валоризација на просторот на подрачјето на планскиот опфат, не се утврдени објекти или предели кои се сметаат за природни богатства и како такви треба да бидат ставени под посебен вид на заштита.

Мерки за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. в. на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10).

Амбиентен воздух е надворешен воздух во тропосферата во кој не е опфатен воздухот на работното место, а неговиот **квалитет** е состојба на амбиентниот воздух, прикажан преку степенот на загаденост.

Извори на загаденост на амбиентниот воздух согласно овој закон се:

1. инсталации кои се користат во технолошки процеси и енергетски градби (стационарни извори);
2. мотори со внатрешно согорување вградени во возила (подвижни извори);
3. горива.

Управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух се врши преку:

- оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и
- донесување и спроведување на плански документи.

Заради реализирање на квалитетот на амбиентниот воздух согласно овој закон, како и за нивно планирање и реализирање, се изработуваат:

1. Национален план за заштита на амбиентниот воздух (План) и

2. Програма за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентнот воздух (Програма).

Планот го донесува Владата на Република Македонија, а Програмата, на предлог на градоначалникот, ја донесува Советот на општината.

Мониторингот на состојбите и промените на квалитетот на амбиентниот воздух, се врши на начин и под услови утврдени со овој закон.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кој се јавуваат по ободните улици на планскиот опфат, бидејќи во внатрешноста на планскиот опфат не е дозволен моторен сообраќај, од причина што централниот градски парк е планиран исклучиво како мирна пешачка зона. Моторниот пристап до постојните и планираните градби во внатрешноста на паркот, како и заштитните мерки - противпожар се решаваат режимски.

Од горенаведеното може да се заклучи дека загадувањето од издувните гасови од возилата нема да има битно влијание на третираниот простор.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да преставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина, бидејќи греењето се планира да биде централно приклучено на градскиот топлификационен систем.

Мониторинг на емисии од стационарни извори

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1). инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2). обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

9.3. Мерки за заштита на води

Задолжително испитување на пречистените води, пред испуштање во најблискиот природен реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите

присустни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл. в. на РМ бр. 18/99) член 4.

9.4. Управување со отпадот

Со Законот за управување со отпадот (Сл. в. на РМ бр. 68/04, бр. 107/07, бр. 102/08 и 143/08, бр. 124/10) се уредуваат: управувањето со отпадот, плановите и програмите за управување со отпадот, правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот, начин и условите под кои може да се врши собирање, транспортирање, третман, преработка, складирање, и остранување на отпадот и др.

Целите на овој закон се да се обезбеди:

- избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;
- искористување на употребливите состојки на отпадот;
- одржлив развој, преку зачувување и заштита на природните ресурси;
- спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина;
- остранување на отпадот, на начин што е прифатлив за животната средина и
- висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Управувањето со отпадот е дејност од јавен интерес, која се врши во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Приоритети при управување со отпадот:

1. Создавачите на отпад се должни, во најголем мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2. При управување со отпадот, по предходно извршена селекција, отпадот треба:

- да биде преработен по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или
- да се користи како извор на енергија.

Правните и физичките лица кои преземаат одредени активности во процесот на производството, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи коишто, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадувањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.

Надлежните органи на Република Македонија, општините, правните и физичките лица кои управуваат со отпадот, во согласност со овој закон, се должни да донесуваат и да спроведуваат стратешки, плански и програмски документи за управување со отпадот.

План за управување на отпад на РМ, се донесува за период од шест години. За реализација на Планот за управување со отпадот на РМ, советот на општините, донесуваат план за управување со отпадот на општината, за период од три години, а не подолго од шест години.

-Скалидирање и собирање на отпадот

За цврстиот отпад се предвидува поставување на канти и контејнери за отпадоци на погодни места и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување на почвата и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина.

9.5. Мерки за заштита од бучава во животната средина

Управувањето со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина, е предмет на уредување на Законот за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/2007, бр. 124/10).

Цели на овој закон се:

1. создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава;
2. преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата;
3. преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување;
4. остранување или намалување на штетните ефеки кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина и
5. обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура и др.
6. **Определување на мерки за заштита од бучава во животната средина**

Правните и физичките лица се должни да и преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниско ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, средства и апарати наменети за помош во домаќинството, кои создаваат бучава во рамките на граничните вредности на ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат производи на кои постои ознака за јачината на звукот кој го предаваат,
- да изведуваат градежни работи, како и да превземаат заштитни мерки, на начини и со цел намалување на бучавата и нејзиното доведување во рамките на граничнит вредности на ниво на бучава;
- да изведуваат градби кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава кои се однесуваат на вградување на соодветна звучна изолација на градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството;
- да вградат или постават соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава;
- да ги извршуваат своите активности на начин кој не дозволува предизвикување од бучава на животната средина над граничните вредности на ниво на бучава;
- да се воздржат од преземање на дејствија и активности кои создаваат непријатност од бучава кај луѓето;
- мониторинг на бучавата согласно со интегрираните еколошки дозволи и
- да превземат други мерки со цел за заштита од бучава.

9.6. Мерки за заштита и спасување

Согласно добиениот допис од Дирекција за заштита и спасување Подрачна единица Центар и издадените предходни услови за заштита и спасување со допис бр.10-270/2 од15.09.11 потребно е:

Согласно Законот за одбрана (Сл.в. на РМ бр. 42/01), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 и бр.124/10), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр. 67/04) и Законот за управување со кризи (Сл.в. на РМ бр. 29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката.Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување (С.в. на РМ бр. 36/04, бр. 49/04, бр. 86/08, бр. 124/10, бр. 18/11 и 53/11), Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр. 67/04), како и: Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари (Сл. весник на РМ бр. 98/05), Уредбата за спроведување и спасување од урнатини (Сл. весник на РМ бр. 98/05) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед (Сл. весник на РМ бр. 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:
- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат **План за заштита и спасување** од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горена ведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 и бр.124/10) а во функција на уредување на просторот задолжително се, обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, бр,49/04, бр.86/08 и бр.124/10), се предвидуваат:

Мерки за заштита и спасување:

- урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреи, а не се предвидени со овој урбанистичко-технички мерки се закон.

- Засолнување
- Заштита и спасување од поплави
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средатва
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација,
- Згрижување на загрозеното и настраданото население
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- Прва медицинска помош
- Заштита и спасување на животни и производи од животински потекло
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- Асанација на теренот.

Дел од овие урбанистичко-технички мерки потребно е да се применат во границите на третираниот плански опфат како во рамките на урбанистичкото планирање така и при изработка на основните проекти на градбите предвидени со оваа планска документација.

9.7. Урбанистичко технички мерки

- Засолнување

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, бр,49/04, бр.86/08 и бр.124/10). засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржувавње и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување на и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

